РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРСТЕ МИСИРКОВ
Бр. 01-338/2
06.09.2024 год.
ГЕВГЕЛИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ„ КРСТЕ МИСИРКОВ“ ГЕВГЕЛИЈА

# ВО ПЕРИОДОТ ОД 2022 ДО 2024 ГОДИНА




**АВГУСТ 2024 ГОДИНА**

**ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ГЕВГЕЛИЈА**
**период од 2022 до2024 година**

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20) Општинското основно училиште ООУ„Крсте Мисирков “ Гевгелија изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022 до 2024 година.
За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата одржана седница бр.5/2024 на 15.07.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

- Светлана Димова стручен соработник ( педагог);
- Ивана Алчинова – стручен соработник (психолог);
- м-р Ленче Јанева –одделенски наставник;
- Снежана Сарамандова – предметен наставник
- Саша Јованов - претседател на Совет на родители

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот јули-август 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Нада Крстова предметен наставник координатор<br>Марга Прошева – одделенски наставник; Ивана Дојранлиева- одделенски наставник; Виолета Петковска- одделенски наставник; Александар Јанев – предметен наставник; Звонко Бучков – предметен наставник. |
| 2. Постигања на учениците | Билјана Иванова предметен наставник координатор<br>Маја Мичова Ристоска–одделенски наставник; Елизабета Караниколова-одделенски наставник; Трајанка Димовска Андонова - одделенски наставник; Ѓорге Шаренков– предметен наставник; Игор Јанковски – предметен наставник. |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Мицко Алексовски предметен наставник координатор<br>Наташа Смилкова –одделенски наставник; Славица Митрова-одделенски наставник; Тања Трајкова - одделенски наставник; Викторија Андонова предметен наставник; Никола Проданов – предметен наставник. |
| 4. Управување и раководење | Љупчо Делев преметен наставник координатор<br>Маринела Чурлинова –одделенски наставник; - Милена Стамкова- стручен соработник (библиотекар); Елизабета Митрова- одделенски наставник; Ѓорге Мандалов предметен наставник; Кристина Младеновска предметен настаник; |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.
По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.
Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 29.08.2024 година (четврток) година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.
Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Воспитно-образовниот процес во ООУ „Крсте Мисирков“ успешно се реализиран согласно одобрените наставни планови и програми од Министерството за образование и наука (МОН). Наставниците добиваат редовна поддршка и надзор од страна на педагогот и директорот, при што нивните планови се прегледуваат најмалку двапати во едно полугодие. Во училиштето е формиран инклузивен тим кој изработува индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со попреченост, но постои потреба од дополнителен стручен кадар, како специјален едукатор и рехабилитатор. Наставниците користат различни методи за оценување, вклучувајќи формативно и сумативно оценување, и редовно обезбедуваат повратни информации на учениците. Поголемиот дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како мотивирачка и поддржувачка средина, со фокус на индивидуалните потреби на учениците. Сепак, постојат разлики во пристапот на наставниците кон прилагодување на наставните содржини според потребите, можностите и способностите на учениците, што укажува на потребата од поусогласени практики и дополнителна обука на наставниот кадар. Вонннаставните активности се добро организирани, со активно учество на сите ученици со различни образовни потреби, во спортски, културни и рекреативни активности, како и на натпревари на различни нивоа. МИО активностите се интегрирани во редовната настава, но име предизвици во континуитетот на соработката со партнер училишта. Новото партнерство со ООУ „Гоце Делчев“ од Василево се очекува да ја подобри интеркултурната соработка. |
| **Силни страни**<br>➢ Наставните планови и програми се реализираат во целост и се во согласност со донесените програмски документи од МОН.<br>➢ Наставата е реализирана од стручен и компетентен наставен кадар, кој ги применува програмите подготвени од МОН<br>➢ Училиштето организира различни воннаставни активности, кои го покриваат интересот на учениците и вклучуваат и ученици со посебни образовни потреби<br>➢ Учениците, заедно со своите родители, се активно вклучени во процесот на избор на изборни предмети<br>➢ Училиштето се вклучува во активности на локалната самоуправа. |

**Слаби страни**

- Наставниците, педагогот и психологот, и родителите на учениците со ПОП не се чуствуваат доволно компетенти за изготвување на ИОП
- Училиштето нема стандарди за оценување на ученици со ПОП, освен правилник од МОН, за начините на оценување на таквите ученици;
- Училиштето нема програма за поддршка на учениците со потешкотии во учењето;
- Двосменското работење го ограничува временскиот престој на учениците за реализација на дополнителна и додатна настава според барањата од концепцијата за основно образование;
- Учениците се вклучени во ограничена мера во процесот на самооценување, што го спречува развивањето на нивната способност за реална проценка на сопственото знаење и самостојно вреднување на постигнувањата.
- Недостасуваат обуки на наставници и стручни соработници (педагог, психолог) за правилно користење на дидактички материјали, сензорни помагала за учениците со пречки во развојот.

**Приоритети**

- Подобрување на организацијата на наставата во една смена. Со цел да се овозможи повеќе време за реализација на дополнителна и додатна настава и вон наставните активности за сите ученици, според барањата од концепцијата за основно образование.
- Воспоставување јасни и конзистентни стандарди за оценување на учениците со посебни образовни потреби, надвор од постојните насоки на Министерството за образование, за да се обезбедат праведни и поддржувачки оценки.
- Зголемување на вклученоста на учениците во самооценување. Овозможување на учениците да се вклучат повеќе во процесот на самооценување за да ја развијат способноста за реална проценка и самостојно вреднување на своето знаење.
- Изработка на програма за поддршка на учениците со потешкотии во учењето. Ова е потребно за да се обезбеди соодветна помош и да се надминат потешкотиите во нивниот образовен процес.
- Обезбедување обуки за наставници и стручни соработници за правилно користење на дидактички материјали и сензорни помагала, што е неопходно за поддршка на учениците со пречки во развојот

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме**

Во контекстот на подрачјето за постигнувањата на учениците, училиштето систематски ги следи и анализира податоците од различни аспекти на образовниот процес во сите класификациони периоди и превзема соодветни мерки за нивно подобрување. Се води континуирана евиденција на успехот и редовноста преку усни и писмени оценувања, редовно известување на родителите и интензивна поддршка за ученици со различни образовни потреби (ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со посебни потреби). Програмите за дополнителна и додатна настава се адаптирани според потребите на секој ученик.

Напредокот во постигањата од претходната до тековната година е видлив преку споредување на полугодишните и годишните резултати, со забележано зголемување на просечниот успех.

Сепак, додека училиштето известува за постигнувањата и успешно применува иновативни методи за подобрување на образованието, извештаите од родители и ученици понекогаш покажуваат разлики во перцепцијата за транспарентноста и ефективноста на овие методи. Некои родители и ученици изразуваат загриженост за конзистентноста во комуникацијата и доследноста во примената на образовните стандарди, особено во однос на редовноста и поведението на учениците. Ова укажува дека училиштето треба понатаму да работи на подобрување на комуникациските стратегии и да обезбеди сите засегнати страни да се доволно информирани и вклучени во образовниот процес. Иако има зголемување на изостаноците, училиштето применува соодветни механизми за зголемување на редовноста. Советувањето на родители и ученици игра значајна улога во оваа област.

Додека податоците од наставниците и стручната служба покажуваат дека мерките за подобрување се ефикасни, реакциите од родителите и учениците сугерираат дека пристапот бара дополнителна адаптација и транспарентност. Овие информации треба да се искористат за дополнително усогласување на образовните стратегии со реалните потреби и очекувања на учениците и нивните семејства, што ќе придонесе кон поголемо задоволство и подобри образовни резултати.

**Силни страни**

- Систематско следење и анализирање на постигнувањата на учениците според пол, наставни предмети, по квалификациони период во наставата;
- Уредна документација за показателите на постигањата на учениците, нивна анализа и споредбени резултати за успехот и редовноста на учениците на полугодие и на крај на година за секоја учебна година;
- Квалификуван и обучен наставен кадар кој ефикасно применува критериуми и стандарди во оценувањето;
- Подобрување на постигнувањето на учениците од различен пол преку редовната и дополнителната настава;
- Промовирање на постигањата на учениците и активностите во училиштето преку каналите за комуникација на училиштето на социјални мрежи;
- Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус (одделенска и предметна настава);

**Слаби страни**

- Несовпаѓање во мислењата за транспарентноста во оценувањето меѓу наставниците и родителите/старателите, што укажува на потреба за подобра комуникација и образложување на критериумите за оценување;
- Забележливо повисок процент на отсуства, особено кај момчињата во одделенијата од VII до IX, што бара засилен надзор и мерки за подобрување на редовноста на учениците;
- Зголемувањето на оправдани изостаноци од настава, година во година, на ниво на училиште;
- Делумна соработка со родителите на ученици со слаб успех;
- Недостиг на информации за постигањата на учениците при премин од основно во средно образование.

**Приоритети**

- Подобрување на транспарентноста во оценувањето. Поголем ангажман од страна на наставниците за едукација на родителите и учениците за критериумите и стандардите во оценувањето. Градење на капацитетите на наставниот кадар

за формативно и сумативно оценување и усогласување на критериумите според националните стандарди.

- Стратегии за намалување на ученичките отсуства од настава. Превземање активности и соодветни решенија за подобрување на редовноста, особено кај момчињата во вишите одделенија. Работилници и почести советодавни разговори, како и подобра соработка со семејствата за да се идентификуваат и адресираат причините за отсуствата.
- Интензивирање на соработката со родителите. Организирање на редовни средби со родителите, особено оние чии деца покажуваат слаб успех. Подобра комуникација и обезбедување на повратни информации и совети за поддршка на учењето дома.
- Подобрување на прилагодливоста на наставниот процес. Воведување на нови технологии и методи во учењето што ќе им овозможат на учениците да учат според нивните различни образовни потреби, способности и можности.
- Иницирање соработка со средните училишта за добивање повратна информација за успехот и поведението на наши ученици во средно образование.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме**

Анализата на податоците од ООУ „Крсте Мисирков“ Гевгелија укажува на стабилна и негувана училишна клима, со забележлива отвореност и соработка помеѓу учениците и наставниците, што создава поддржувачка атмосфера за учење. Во однос на еднаквоста и правичноста, училиштето продолжува да вложува напори за унапредување на овие аспекти, гарантирајќи дека сите ученици добиваат соодветен пристап до образовните ресурси. Соработката со локалната заедница е на високо ниво, што овозможува дополнителни ресурси и поддршка за училиштето во реализирање на воспитно-образовниот процес како во редовната настава, така и во вонаставните активности. Клучен елемент е севкупната грижа за учениците, каде училиштето имплементира разновидни мерки за поддршка на секој ученик во нивниот развој и добросостојба, што е од суштинско значење за учениците и образовниот процес.

Училиштето ужива позитивен углед во заедницата, придржувајќи се до својот куќен ред и одржувајќи поддржувачка училишна клима. Учениците активно учествуваат во донесувањето одлуки и решавање на проблеми, а училиштето континуирано работи на промовирање на еднаквост и правичност. Училиштето применува ефективни стратегии за превенција на насилство и заштита на учениците. Обезбедена е сеопфатна грижа (безбедност, добросостојба) на учениците и вработените. Се посветува внимание на ученици од социјално загрозени семејства, како и на оние со здравствени и емоционални проблеми. Училиштето исто така нуди поддршка во процесот на избор за продолжување на образованието на учениците.

**Силни страни**

- Училиштето континуирано ги одржува и надградува своите пропишни мерки и активности за безбедност и инфраструктурата во училиштето, обезбедувајќи безбеден училишен простор. Одобрените и реализирани показни вежби, планови и обуки за безбедност придонесуваат кон сигурна средина за учениците и вработените.
- Училиштето успешно имплементира политики против пушење, алкохол и употреба на droги. Преку активности за подигање на свеста, учениците се стимулираат да водат здрав животен стил.
- Наставниот кадар и стручните служби активно работат на поддршка и вклученост на сите ученици со различни образовни

| |
|---|
| потреби, без разлика на нивниот пол, етничка припадност или социјален статус. Ова се манифестира преку индивидуален пристап кон секој ученик и поддршка за нивните образовни и лични потреби.<br>➢ Во училиштето е забрането секаков облик на насилство, се спроведува „Програма за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и занемарување“, а доколку не се почитува забраната, се изрекуваат педагошки мерки пропишани во Законот (усна опомена од одделенски раководител, писмена опомена, укор, намалено поведение и сл).<br>➢ Училиштето во соработка со училишниот парламент, Општина Гевгелија и организации/институции од локалната заедница, дава поддршка и помош за учениците од социјално загрозени семејства, според потребите, преку хуманитарни акции, базари, аукции и др. |
| **Слаби страни**<br>➢ Иако училиштето презема активности за информирање и вклучување на родителите, нивото на заинтересираност кај некои родители за успехот и поведението на нивните деца не ги задоволува пропишаните потреби. Има делумна посетеност на родителски средби и отворени денови на родители чии ученици имаат слаб успех.<br>➢ Недоволна финансиска поддршка за наградување на учениците и нивните ментори. Иако постојат одредени форми на награди и признанија за постигнувањата на учениците и наставниците, финансиските средства кои се издвојуваат за оваа намена се ограничени и недоволни за да се поттикнат поголеми достигнувања и мотивација. Ова резултира со намалена мотивација кај учениците и менторите, што влијае на нивниот успех во училишните и вонаставните активности.<br>➢ Училиштето нема доволна насоченост и процедури за професионална ориентација на учениците. Иако постои програма за професионална ориентација на учениците како дел од Годишната програма, училиштето не обезбедува доволно ресурси и активности за професионална ориентација на учениците.<br>➢ Училиштето се соочува со значајни безбедносни предизвици поради ограничениот број на влезови и излези, зголемениот број на ученици во последните години и близината на регионален пат, што ја ограничува можноста за поставување соодветни безбедносни мерки. |
| **Приоритети**<br>➢ Зголемување на ангажманот на родителите во училишните активности и во процесот на учење на децата. Планирање и реализација на дополнителни активности и кампањи за информирање, мотивирање и вклучување на родителите, особено на оние чии деца имаат слаб успех. Ова вклучува организирање на редовни работилници, индивидуални и групни средби, родителски средби, отворени денови и други интерактивни форми на соработка со родителите.<br>➢ Подобрување на системот за наградување на учениците и менторите. Ревидирање и усовршување на постојните процедури за наградување со цел зголемување на мотивацијата и задоволството кај учениците и нивните ментори. Вклучување на дополнителни извори на финансиска поддршка, од училиштето и преку соработка со локалната заедница и институции, за обезбедување на повеќе награди и признанија.<br>➢ Поголем ангажман, организација и стратегија за обезбедување поефективна професионална ориентација на учениците. Изработка на нови процедури и активности за професионална ориентација, кои ќе ги вклучуваат учениците, наставниците и родителите. Ова вклучува организирање на информативни настани, соработка со компании и институции, работилници и менторски програми за поддршка на учениците во нивниот избор на професионален пат.<br>➢ Засилување на поддршката за учениците од социјално загрозени семејства. Воспоставување на континуирани програми и |

активности за поддршка на учениците од социјално загрозени семејства, во соработка со училишниот парламент и локалната заедница. Ова вклучува редовни хуманитарни акции, базари, аукции и собирање средства за основни потреби на учениците.

- Во соработка со Општината, училиштето треба да работи на изнаоѓање решение за подобрување на безбедноста на влезовите и излезите во училиштето, со цел да се намали ризикот за учениците и вработените, особено во случаи на евакуација.

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме**

Анализата на податоците од ООУ „Крсте Мисирков“ Гевгелија покажува дека училиштето има добро развиен систем за управување, раководење и креирање политики кои обезбедуваат ефикасно функционирање на училиштето. Училиштето континуирано вложува напори за унапредување на своите активности преку систематско планирање, следење и евалуација на наставниот процес. Управувањето и раководењето во училиштето се одликуваат со транспарентност и активно вклучување на сите засегнати страни во образовниот процес. Родителите и наставниците се задоволни од начинот на информирање и можностите за учество во донесувањето на одлуки. Со почитување на Куќниот ред на училиштето, како и создавање на позитивна училишна клима, училиштето обезбедува сигурна средина за сите ученици и вработени. Иако училиштето ги обезбедува потребните ресурси за изведување на наставата, просторните ограничувања, недостатокот на училници, двосменското работење, проблемот со кровната површина над канцелариите на училиштето, недостигот на специјален едукатор и рехабилитатор остануваат предизвици. Предложено е зголемување на ресурсите за професионален развој и подобрување на инфраструктурата за поддршка на иновативните учебни методи.

**Силни страни**

- Училиштето ефективно раководи преку навремено планирање и имплементација на работата во делот на администрацијата и училишните политики. Вклучувањето на сите релевантни субјекти во процесите на планирање создава поефективна организација, постигнување на поставените цели и пријатна училишна клима.
- Постојаната и ефективна соработка помеѓу директорот, училишниот одбор, и советот на родители овозможува донесување на одлуки и извршување на активности кои ги подобруваат условите за работа во училиштето.
- Финансиското работење на училиштето е во согласност со законските прописи, при што буџетот се користи наменски за подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето.

**Слаби страни**

- Поради недостаток на простор и едносменско работење, училиштето се соочува со проблеми во организацијата на дополнителните и воннаставните активности, како и во користењето на спортската сала.
- Реконструкција на кровната површина на училиштето над канцелариите: Потребна е реконструкција на кровот над административните канцеларии за да се спречат понатамошни оштетувања предизвикани од атмосферските влијанија.

Оштетувањата влијаат на безбедноста и условите за работа на административниот персонал и можат да доведат до дополнителни финансиски трошоци за поправка и одржување.

- Училиштето нема вработено специјален едукатор и рехабилитатор, што го отежнува обезбедувањето соодветна поддршка за учениците со попреченост.
- Недостигот на простор за сензорна соба, дидактички материјали, асистивна технологија и уреди, го ограничува квалитетот на наставата и учењето на учениците со попреченост.
- Недоволен број на наставни нагледни средства за целосна реализација на концепцијата за основно образование и задоволување на потребите на наставниот процес.
- Потребен е поголем број на обуки за наставниците, како и систематска дисеминација на знаењето стекнато на обуките, со цел да се поттикне кариерниот развој и тимската работа.

**Приоритети**

- Обезбедување на просторни услови за едносменско работење. Планирање и реализирање активности за проширување на просторните капацитети на училиштето, со цел овозможување на едносменско работење и подобра организација на дополнителните и воннаставните активности, како и подобар распоред за користење на спортската сала.
- Обезбедување на буџет и планирање за реконструкција на кровот над канцелариите: Планирање и спроведување активности за обезбедување на финансиски средства и реализација на реконструкцијата на кровната површина над административните канцеларии со цел да се подобри безбедноста и работните услови на административниот персонал, како и да се спречат понатамошни оштетувања и дополнителни трошоци.
- Вработување на специјален едукатор и рехабилитатор. Планирање и обезбедување согласност за вработување на специјален едукатор и рехабилитатор за поддршка на учениците со попреченост, со цел да се овозможи подобра инклузија и квалитетно образование за сите ученици.
- Обезбедување на сензорна соба и асистивна технологија и други дидактични материјали. Создавање на соодветен простор за сензорна соба, обезбедување на дидактички материјали и асистивни уреди и технологии за учениците со попреченост, со цел подобрување на условите за учење.
- Обезбедување на потребните наставни и нагледни средства. Зголемување на бројот на наставни и нагледни средства и обезбедување на соодветни материјали за поддршка на наставниот процес и за целосна реализација на концепцијата за основно образование.
- Планирање и реализација на дополнителни обуки за наставниците: Организирање и спроведување на редовни обуки и активности за професионален развој на наставниот кадар, со фокус на систематска дисеминација на стекнатото знаење и унапредување на кариерниот развој и тимската работа.

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

- **Проширување на просторните капацитети на училиштето:**
Планирање и спроведување активности за изнаоѓање решение за проширување на просторните капацитети во училиштето, односно доградување на училници и мултифункционални простори, со цел да се овозможи едносменско работење и да се подобри организацијата на дополнителните и вонанаставните активности.
- **Реконструкција на кровната површина на училиштето над канцелариите:**
Обезбедување на буџет и планирање за реконструкција на кровот над канцелариите за да се спречат понатамошни оштетувања и да се подобри безбедноста и условите за работа на административниот персонал.
- **Вработување на специјален едукатор и рехабилитатор:**
Обезбедување на согласност за вработување на специјален едукатор и рехабилитатор, со цел обезбедување соодветна поддршка за учениците со попреченост.
- **Обезбедување на сензорна соба и асистивни технологии:**
Опремување на посебен простор за „Сензорна соба" со потребните дидактички материјали и асистивна технологија за учениците со посебни образовни потреби.
- **Зголемување на бројот на обуки за наставниот кадар:**
Организирање на редовни обуки и семинари за наставниците и стручните соработници за унапредување на методите за оценување и примената на современи наставни практики.
- **Подобрување на стратегијата за наградување на учениците и менторите:**
Спроведување активности за унапредување на постојните процедури за наградување со цел да се зголеми мотивацијата и задоволството кај учениците и нивните ментори.
- **Засилување на соработката со родителите и заедницата:**
Спроведување на активности за поддршка и инволвирање на родителите во процесот на донесување одлуки и учество во училишните активности преку организирање редовни средби, работилници и заеднички проекти.
- **Развивање на стратегии за намалување на отсуствата на учениците:**
Превземање на мерки за идентификација на причините за отсуствата и примена на насочени интервенции како што се дополнителни активности, работилници и советување..
- **Интензивирање на соработката со средните училишта:**
Воспоставување механизми за размена на информации за постигањата на учениците при премин од основно во средно образование и обезбедување повратна информација за успешноста на образовниот процес.
- **Зголемување на финансиите преку меѓународни и локални проекти:**
Промоција и аплицирање за меѓународни и локални проекти за дополнителни финансиски ресурси, со цел подобрување на инфраструктурата, набавка на нагледни средства и поддршка на иновативни методи на учење.

**Комисија за спроведување на СЕУ**:
Светлана Димова - стручен соработник ( педагог), Ивана Алчинова – стручен соработник (психолог), Снежана Сарамандова – предметен наставник и Саша Јованов – претседател на Совет на родители.
Доставено до:
Директор: Ѓорги Стамков______________ Претседател на УО: Митко Дојчинов __________________ и основачот.